РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

MQS Partner of Quality Austria

Бр./Nr 09-2237/2
23-11-2020 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 став 2 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата постапувајќи по анонимна пријава со наводи за постоење на судир на интереси на 41 та седница, одржана на ден 11.11.2020 година донесе

## О д л у к а

Пријавата за покренување постапка за утврдување состојба на судир на интереси со бр. 09-2237/1 од 03.04.2019 година доставена од непознат подносител, СЕ ОТФРЛА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за надлежно постапување по предметот со број 09-2237/1 од 03.04.2019 година.

Предметот со број 09-2237/1 од 03.04.2019 година да се затвори и да се архивира.

## О б р а з л о ж е н и е

Предметот со број 09-2237/1 од 03.04.2019 година е оформен врз основа на пријава од непознат подносител против повеќе лица- функционери и членови на различни политички партии, кои како што е наведено во пријавата вршеле влијание за вработување на свои блиски лица во различни институции.

Анонимниот пијавител доставил пријава до Државната комисија за спречување на корупцијата која што ја насочил против повеќе лица за кои како што вели влијаеле за вработување на свои блиски лица во различни институции, но во ниту еден од случаите не навел период кога вработувањето било спроведено, како и други прецизни информации и податоци, што се неопходни за утврдување на фактичката состојба, утврдување на наводите во пријавата и преземање соодветни чекори согласно закон.

Исто така, поради тоа што пријавата врз основа на која е оформен предметот број 09-2237/1 е од непознат подносител, Државната комисија нема можност да се обрати до пријавителот со цел допрецизирање на наводите и давање конкретни податоци за продолжување на отпочнатата постапка.

Имајќи го во предвид погоре изнесеното, Државната комисија нема елементи за свое надлежно постапување, па поради тоа одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

Изработил: м-р Е.Н., соработник
Одобрил: С.П.Д., член на ДКСК

Адреса: ул. Даме Груев бр.1, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Dame Gruev nr.1, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk